**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/10
04.10 2019 год.
СКОПЈЕ

ТРАЈНА ВРЕДНОСТ

FON FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 224**

**Скопје, 04.10.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Право на Европската Унија - 50811....................................................................................................3589
2. Рецензија за избор на еден наставник, по стручно-уметнички предмети, од областа Друго (Дизајн - мултимедија) - 60712..............................................3597
3. Рецензија за избор на еден наставник, еден наставник од научната област Друго (Спортски менаџмент) - 50624..............................................................3602

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - 50811
## НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН

Врз основа на Законот за високото обрзование и Статутот на Прв приватен Универзитет - ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор на наставник од научната област Право на Европската унија - 50811, Наставно-научниот совет на Факултет за правни и политички науки во Скопје, на седницата одржана на 11.09.20019 година, определи Рецензентска комисија за избор на наставник од научната област Право на Европската унија - 50811 во следниов состав:

1. Проф. д-р Љубомир Фрчкоски – ФОН Универзитет
2. Проф. д-р Сашо Георгиевски –Правен факултет "Јустинијан I"
3. Проф. д-р Мерсел Биљали – ФОН Унияврзитет

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневниот весник „Слободен печат“ од 26 јуни 2019 година, за избор на наставник од научната област Право на Европската унија - 50811, во дадениот рок доставена е пријава од кандидатот д-р Гоце Галев, вонреден професор на Факултетот за правни и политички науки при Прв приватен Универзитет – ФОН од Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАУЧНО-СТРУЧНАТА АКТИВНОСТ НА Д-Р ГОЦЕ ГАЛЕВ

### 1. Биографски податоци

**Гоце Галев** е роден на 2 Април 1974 година во Скопје, каде го завршил основното образование. Средното образование го завршил во 1992 година во Камберленд, Вирџинија, САД.

На Правниот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишал во учебната 1992/93 година, како редовен студент во правосудната насока, а дипломирал во февруари 1997 година со просечна оцена од 9,37.

Во ноември 1997 година го започнува стажирањето во Апелациониот суд во Скопје, каде останува до средината на 1998 година, каде бил активно вклучен во активностите на Одделението за граѓански предмети. Во март 1998 година се

вработил во Центарот за финансиски инжењеринг во развој, проект спонозриран од USAID каде бил ангажиран како правен советник. Работното место му дало можност да присуствува на бројни регионални и меѓународни конференции, со пишани материјали, а имал учество и во неколку проекти реализирани во Македонија, претежно од областа на авторското и европското право. Во периодот од 1999 до 2001 работи како правен советник во Централниот регистар на Република Македонија, каде активно учествува во трансформацијата на Заводот за платен промет преку проект спонозориран од Кралството Норвешка и Владата на Република Македонија.

Во септември 2000 година ги запишал постдипломските студии по право на Европската заедница на Правниот факултет при Универзитетот Лајден во Лајден, Кралство Холандија, кои што успешно ги завршил во 2001 година и на 12 септември истата година го одбранил својот магистерски труд и се стекнал зо звање магистер по правни науки.

Во мај 2002 година се вработил во Министерството за надворешни работи на Репулика Македонија. Во МНР работел како виш соработник во кабинетот на министерот и во Одделението за мултилатерала при Секторот за меѓународно право, каде што бил директно одговорен за ратификација на мултилатералните договори од Советот на Европа, Организацијата на обединети нации и Европската унија, како и за прашања од областа на меѓународното право поврзани со Прашалникот на Европската Комисијата за добивање на кандидатскиот статус на Република Македонија.

Од ноември 2004 година го има изборот за помлад асистент на ФОН Универзитетот по предметите Право на Европската унија и ЕУ: Интеграции, институции и политики, за да во 2006 година биде избран во асистент каде до денес ги извршува обврските на Факултетот за правни науки, на предмети од областа на европското право и правото на ЕУ.

Во 2007 година на Правниот факултет "Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја пријави докторската дисертација со наслов „Правните инструменти на слободната конкуренција на пазарот во Европската унија и во Република Македонија“, а јавната одбрана на трудот ја имаше на 10 јули 2009 година. Од зимскиот семестар 2009/10 работи како наставник по предметите „Право на Европска унија,“ „Историја на државата и правото,“ а подоцна ги предава и предметите „Нотарско право“, „Отштетно право“, како и Судско право. Освен на Факултетот за правни науки, кандидатот предавал и на Факултетот за политички науки, дипломатија и новинарство, како и Факултетот за применети странски јазици при ФОН Универзитетот, во Скопје и други одделенија на Универзитетот – Струга и Струмица. Кандидатот Проф.д-р Гоце Галев освен на студиите од прв циклус предава и на вториот циклус – специјалистичките и магистерските студии, а бил и член на повеќе комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови.

Во своето досегашно работење Проф.д-р Гоце Галев се профилирал како квалитетен наставник, кој освен редовната настава практикува и индивидуална работа и консултации со студентите кои покажуваат посебен интерес за предметите

кои ги предава. Компетентно, совесно и одговорно ги извршува сите работи поврзани со наставно-образовниот процес. Важи и за принципиелен професор, кој бара постигнување на високи академски стандарди од страна на студентите како при совладувањето на предметната материја, така и при изработката на специјалистичките и магистерските трудови на кои бил и е ментор.

Во текот на својата досегашна кариера дал придонес кон оспособувањето и издигнувањето на повеќе соработници на Факултетот за правни науки и Факултетот за политички науки, дипломатија и новинарсто.

Проф. Д-р Гоце Галев учествувал на повеќе научни конференции, научни и практични проекти, како што е Проектот на Министерството за правда на Република Северна Македонија за кодификација на граѓанското право, Проектот на Владата на Република Северна Македонија "Илјада книги" за издавање на научни изданија од реномирани светски автори, каде кандидатот стручно рецензирал повеќе од 15 книги од областа на меѓународното, европското право, како и граѓанското право. Кандидатот бил активно вклучен како правен советник во повеќе проекти финансирани од CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund) и NED (National Endowment for Democracy) за заштита на Националниот парк Галичица, Студенчишкото блато, како и старото градско јадро на Град Охрид

Проф. д-р Гоце Галев е член на Катедрата за меѓународно право при Факултетот за правни науки, како и на стручни здруженија.

## 2. Список на научни трудови од правната област:

Politika zastita potrosaca u Evropskoj uniji i u Republici Makedonije, Pravni Zivot, Udruzenje Pravnika Srbije, Beograd, 2014.

Во трудот авторот прави теоретски и нормативен преглед во однос на заштитата на потрошувачите како официјална политика на Европската унија. Поточно, авторот ги истражува мерките, активностите и механизмите на институциите на Унијата, што извираат од примарните извори на правото на Европската унија, така и од секундарното законодавство и практика на Европскиот суд на правдата и Европската комисија. Понатаму, во овој контекст анализирани се обврските на Република Северна Македонија како земја кандидат која се стреми, но и воедно е обврзана преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Унијата и земјите членки да гради систем за доследна и ефикасна заштита на потрошувачите која е целосно усогласена со пропишаните правила на правото на Европската унија

*Контрола на спојување на трговски друштва во правото на Европската унија*, Зборник во чест на Проф. Д-р Гале Галев, Правен Факултет, Јустинијан Први, Скопје, во печат.

Трудот ги истражува теоретските и практичните аспекти на феноменот на конкуренција на пазарот на Европската унија и особено соединувањето и преземањето на претпријатијата на пазарот на Европската унија, различните модели на спојување, како и контролата за спојување во надлежност на Европската комисија Материјалните и процедуралните законски аспекти на контролата на спојувањето се разгледуваат одделно и пред сè, истражено е влијанието на спојувањата врз конкуренцијата, како и неопходноста од правна рамка за оваа битна карактеристика на пазарот на ЕУ.

*Злоупотеба па домнантната монополска положба во Европската унија*, меѓународно научно списание, Центрум, Центар за разбирање и институционална соработка, Скопје, 2019.

Во трудот се истражува злоупотребата на доминантната положба на монополските претпријатија на пазарот во Европската унија, преку недозволеното однесување на овие субјекти и основните манифестации на злоупотребата. Суштината на концептот за злоупотреба на доминантната положба е детално елабориран преку праксата на Европскиот суд на правдата и следствено недозволеното однесување, во согласност со членот 82 од Првиот Римски Договор се категоризира во два вида на однесување:експлоитативно и исклучувачко. По деталната елаборација на најчестите злоупотреби на доминантната положба на монополските претпријатија, во заклучокот авторот се фокусира на правните мерки за заштита на слободната конкуренција, како и очекуваните цели при примена на истите.

*Vertical Agreements and Restriction of Competition in the European Union*, International magazine for social sciences “Vizione”, Скопје, 2019.

Вертикалните договори и договорните практики меѓу производителите и трговците на мало, во рамките на пазарот на ЕУ, продолжуваат да бидат извор на дебата, како во научните кругови, така и меѓу правните практичари. Во овој труд се испитуваат карактеристиките на вертикалните ограничувања, земајќи го предвид пристапот на институциите на ЕУ, како и пристапот на САД по однос на овој битен сегмент од системот за заштита на конкуренцијата. По идентификувањето на повеќето вертикални ограничувања на конкуренцијата во рамките на ЕУ, сосема логично, на крајот на овој труд авторот се осврнува на правните лекови и институционален пристап кон потенцијални ограничувања и нарушувања на конкуренција на внатрешниот пазар на Европската унија.

*Institutional System of European Community Antitrust Law*, Balkan Social Science Review, Goce Delcev University, Stip, 2019.

Во трудот хронолошки се анализира развојот на политиката за заштита на слободната конкуренција во Европската унија, како и пристапот на институциите од почетната фаза на создавање на внатрешниот пазар на ЕУ во шеесетите години од минатиот век, трансформацијата на конкурентското право, па се до усвојувањето на Регулативата 1/2003 од 2003 година. Прво, во трудот се анализираат институционалните карактеристики на системот за заштита на слободната конкуренција во периодот од 1963 до 2003 година. Во понатамошниот дел од труд се анализираат одредени алтернативни модели кои што во тој временски период биле предлагани, за да во остатокот од трудот авторот се осврнува на реформата и модернизацијата на системот за заштита на кнкуренцијата и воопшто новата институционалната рамка, која се воспостави со усвојувањето на споменатата Регулатива 1/2003.

*Horizontal agreements and free Competition in the European Union*, International Magazine for Social Sciences "Vizione", Скопје, 2019.

Во овој труд, авторот ги анализира хоризонтални договори и договорни практики кои се најчестите форми на ограничување на конкуренцијата на пазарот на Европската унија. . Овие договори и практики се применуваат за претпријатијата позиционирани на исто ниво на пазарот. Поточно, авторот ги анализира договорите со кои се утврдуваат цени или други услови за тргување, договори што го ограничуваат или контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите, договорите за споделување на пазарот, договорите што применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери. Посебен акцент се става на олигополските договори и трговските практики, како особено софистициран начин за нарушување или спречување на слободна конкуренција во унијата. Како заклучок, акцентот е ставен на институционалниот пристап на Европската комисија и Европскиот суд на правдата и нивните методи во борбата против ограничувањето на конкуренцијата и на оптималното функционирање на внатрешниот пазар на Европската унија.

*Gathering evidence in cross-border cases: recent developments in EU law*, International Journal "Knowledge", Institute of Knowledge Management, Скопје, 2019.

Во трудот авторите се осврнуваат на развојот на дигиталната технологија и потребата од ефикасно собирање на дигитални докази во кривичните постапки во Европската унија. Притоа се појавуваат прашања поврзани со државниот суверенитет, надлежностите на земјите членки на Унијата, како и судирот на закони. Во 2016 година Советот на ЕУ ја повика Европската комисија да подготви пакет од мерки, што ќе се применуваат во доменот на чувањето и процесирањетои на дигитални податоци, нивно користење и соработка меѓу земјите членки. Во 2018 година

Европската комисија го подготви овој пакет на мерки. Целта на трудот е да се даде критички пресек на предложените мерки.

*Компаративна анализа на ситемите за заштита на конкуренцијата во Европската унија и САД*, International Journal "Knowledge", Institute of Knowledge Management, Скопје, 2019.
Во трудот се анализираат потеклото и основните начела на законодавството во врска со ограничувањето, спречувањето, нарушувањето на конкуренцијата, како и однесувањето на претријатијата со монополска положба на пазарот, и следствено злоупотребата на доминатаната положба, во американскиот ситем и системот на Европската унија. Овие два система имаат заедничка цел и настојуваат да ги заштитат потрошувачите, слободниот проток на стоки и услуги на пазарот, пристап на пазрот на конкурентите. На прв поглед, се чини, дека постои голема сличност меѓу правото за конкуренција на Заедницата и она на Соединетите американски држави. Меѓутоа, подробната анализа покажува дека член 81 од Првиот римски договор, кој што забранува договори што ја спречуваат, ограничуваат и нарушуваат конкуренцијата и, следствено, договори со кои се фиксираат цените и првиот дел од Шермановиот акт, што забранува договори што ја ограничуваат трговијата се скоро неспоредливи. Истото важи за и членот 82, што ја забранува злоупотребата на доминантната положба и член 2 од Шермановиот закон, кој ја забранува монополизацијата и обидот за моноплизација.
Во овој труд првенствено се илустрираат разликите и сличностите на овие два система. Причината за тоа, во одделен сегмент лежи во обидот да се утврди како и колку економско-правните околности влијаат во изборот на системот за заштита на конкуренција и, следствено, правни одредби и нивна примена

## 3. Учество на меѓународни и домашни обуки и усовршувања

- Ајндховен, Холандија, Заеднички европски проект: Програма за обука за европската интеграција, од областа на европското бизнис окружување, во организација на Универзитетот во Мастрихт и Универзитетот Утрехт.
-Скопје, Клуб на пратеници, Дипломатска обука организирана од Стејт Департментот на САД.
- Благоевград, Бугарија - Обука за државни службеници од областа на европското право и хармонизација на домашното законодавство со законодавството на ЕУ.
- Осло, Кралство Норвешка – Дипломатска обука организирана од Одделот за едукација на Министерството за надворешни работи на Норвешка.

- Осло, Кралство Норвешка – Дипломатска обука организирана од Одделот за едукација на Министерството за надворешни работи на Норвешка.

- Скопје, Дипломатска обука организирана од Амбасадата на Република Турција, Министерството за надворешни работи на Турција.

- Вашингтон, САД, Дипломатска обука организирана од Стејт Департментот на САД.

**4. Учество на проекти:**

- Консултант во Проект спонзориран од Европската унија за создавање на Институт за обука на судии.

- Надворешен експерт во Проект спонзориран од Европската унија за хармонизација на трговското законодавство на Република Македонија

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија цени дека кандидатот Проф.д-р Гоце Галев ги исполнува условите и критериумите за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор во научната област Право на Европската унија согласно Законот за високо образование и интерните акти на ФОН Универзитетот.

Исто така, Рецензентската комисија ценејќи ги приложените материјали кон конкурсот и достапните податоци за кандидатот и сеопфатната анализа на истите, пред сè значајниот број на објавени меѓународни трудови и учеството на научни проекти смета дека кандидатот е посветен на проблематиката на Правото на Европската унија и проучува актуелни прашања од оваа област. Од погоре кажанато, како и од личното познанство на кандидатот Рецентзентската комисија констатира дека се работи за квалитетен и темелен наставник, педагог и научен работник, кој постигнал завидни резултати на сите полиња релевантни за постапката за избор во наставно-научни звања во смисла на релевантните одредби од Законот за високо образование и интерните акти на ФОН Универзитетот. Затоа, Рецензентската комисија е едногласна за избор на кандидатот Проф.д-р Гоце Галев бидејќи го поседува и потребното наставно-образовно, научно-истражувачко, стручно и педагошко искуство потребно за извршување на наставно-научната дејност. Поради сето погоре наведено, имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за правно политички науки на ФОН Универзитетот да му предложиме кандидатот Проф.д-р Гоце Галев да го ИЗБЕРЕ ЗА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО – НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубомир Фрчкоски, с.р.

________________________________________

2. Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.

________________________________________

3. Проф. д-р Мерсел Биљали, с.р.

________________________________________

**Скопје**
**Септември, 20019**

## ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
## ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА
## ДРУГО (Дизајн-мултимедија) 60712

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 24.06.2019 година за избор на наставник, во сите наставно-научни звања по стручно уметнички предмети од научната област: Друго, (дизајн мултимедија) 60712, Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет - ФОН, со Одлука бр. 22-1161/3 од 05.09.2018 година, формираше Рецензентска комисија, во состав:

- Д-р Антонио Митриќески , редовен професор – претседател;
- М-р Лазар Секуловски, редовен професор – член;
- М-р Игор Шокаровски , вонреден професор – член.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по стручно уметнички предмети од научната област Друго, (дизајн мултимедија) 60712, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: м-р Марко Ружин.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на неговата научна, уметничка и педагошка дејност, Рецензентската комисија го доставува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци:**

М-р Марко Ружин е роден на 04 јуни 1991 година во Скопје, Република Северна Македонија. Дипломирал на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, на насоката дизајн-мултимедија во 2012 година со просечна оценка 8.53 со што се стекнал со стручно звање Дипломиран дизајнер. Во текот на студиите пројавува голем интерес за бавење со тродимензионално моделирање на карактери и позадини. Подоцна полето на неговиот интерес продолжува во доменот на поетиката и технологијата на дигиталната уметност и мултимедијата, како и можностите на наративните и интерактивни содржини во рамките на дизајнот.

Својата професионална кариера, м-р Марко Ружин ја започнува во Република Северна Македонија во областа на мултимедијата, земајќи активно учество на повеќе изложби. Во потрага за нови искуства во современите технологии м-р Марко Ружин магистрира на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, на насоката дизајн-мултимедија во 2016 година со просечна оценка 8.78 со што се стекнал научен назив Магистер по дизајн-мултимедија одбранувајќи го научниот труд „Влијанието на јапонизмот и јапонската традиционална култура врз

европската уметност и дизајн".Љубовта кон јапонската цивилизација, освен што го стимулира да го завладее јапонскиот јазик, го мотивира и да магистрира врз темата надворешна политика на Јапонија, при Факултетот за политички науки и дипломатија при ФОН Унверзитетот, со просечна оценка 9,95 и се стекнува со уште една магистерска титула.

Од 2015 година до денес, м-р Марко Ружин интензивно се занимава со педагошка работа на универзитетско ниво, прво како демонстратор на на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје во периодот од октомври 2015 година до октомври 2016 година, а потоа и као помлад уметнички соработник на на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје во периодот од октомври 2016 година до денес . Со своето стекнато теоретско и практично знаење, компетентно учествува во системот на академското образование од прв циклус на студии.

М-р Марко Ружин течно зборува и пишува повеке странски јазици и е голем полиглот: англиски, француски, шпански, јапонски, разбира германски и ги владење речи си сите јазици од поранешна Југославија

<u>**Образование:**</u>

**2018/ Докторски студии- трет циклус во тек на** Факултет за драмски уметности при УКИМ „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Северна Македонија;

**2016-2017. Диплома од втор циклус студии:** Магистерски студии на Факултетот за Политички студии и дипломатија -Прв Приватен универзитет ФОН-Скопје.

**2012/2016. Диплома од втор циклус студии:** Магистерски студии на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, Република Северна Македонија;

**2009/2012. Диплома од прв циклус студии** -Додипломски студии на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, Република Северна Македонија;

**2008/2009.** Средно училиште „НОВА" во Скопје, Република Северна Македонија ;

**2006/2008.** Француска гимназија во Мадрид, Кралство Шпанија;

**2003/2006.** Американско средно училиште во Брисел, Кралство Белгија ;

**2002/2003.** Европско средно училиште во Брисел, Кралство Белгија;

**2000/2002.** Француско основно училиште во Сен Клу-Париз, Република Франција ;

**1998/2000.** Германско основно училиште во Париз, Република Франција;

**1997/1998.** Основно училиште „Коле Неделковски" во Скопје, Република Северна Македонија.

**Работно искуство:**

**2016/Во тек . Помлад уметнички соработник** на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, Република Северена Македонија на прв циклус на студии, стручно-уметнички предмети од областа на дизајнот и мултимедијата;

**2015/2016. Демонстратор** на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, Република Северена Македонија на прв циклус на студии, стручно-уметнички предмети од областа на дизајнот и мултимедијата;

**2016/2016. Монтажер** на Телевизиска емисија „Фчерашни Новости" во приватна продукција во Скопје, Република Северна Македонија;

**2016/2016. Стажант** во Центар за културна деконтаминација (НВО) во Белград, Република Србија, како соработник за сценска режија и мултимедијално претставување на настанитево центарот.

**2015/16. Стажант** во Општина Центар во Скопје, Република Северна Македонија, во ИТ секторот на општината.

**2015/2015. Регионален менаџер** и лице одговорно за интернет маркетинг за Интернационално школо на напредни науки во Бостон, Масачусетс, Соединети Американски Држави.

**Наставно-образовна дејност:**

Од 2016 година м-р Марко Ружин ја започнува својата наставно-образовна дејност на универзитетско ниво. Во академската 2016/2017. година, по една година волонтирање како демонстратор, започнува да работи како помлад уметнички соработник на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, Република Северена Македонија на прв циклус на студии, асистирајќи на предавањата и вежбите на стручно-уметнички предмети од областа на дизајнот и мултимедијата, кај универзитетските професори: КатеринаАпостолска и Игор Шокаровски.

За својата работа како помлад уметнички соработник, м-р Марко Ружин секоја академска година, во континуитет има висока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите при процесот на самоевалуација, бидејќи се истакнува со исклучителна стручност и посветеност, како во едукативниот процес, така и во уметничкото творештво.

**Јавно изложување на уметнички/дизајн дела и проекти на групни изложби и манифестации:**

**2011.Скопје не заборава-Македонија за Јапонија,** групна изложба на студенстки плакати инспирирани од катастрофалниот земјотрес што ја погоди Јапонија на 11 март 2011 година,предизвикувајќи големо цунами и загуба на човечки животи. Изложбата е отворена на 11.04.2011 година во Музеј на Град Скопје.

**<u>Учество на домашни и меѓународни конкурси за уметнички/дизајн дела или проекти (индивидуално или на повик)</u>**

**2014. Конкурс: Изработка н графички решенија (ИЛУСТРАЦИИ) со кои сликовито се претставуваат форми против „Говор на омраза“ на интернет**. Изработил 6 (шест ) графички решенија, кои освоиле награда од публика. Конкурсот е распишан од НВО „Метаморфозис“, во рамките на инцијативата „Стоп за говорот на омраза на интернет“.

**2017.Конкурс за фотонатпревар: „Развој на еколошко истражувачко новинарство“** финасиски поддржан од Европската Делегација во Скопје, а спроведен од „ЦЕД ФЛОРОЗОН“ , учесник.

**<u>Објавени уметнички, дизајн, теоретски или наставни дела во земјата и странство (книги, стручна периодика):</u>**

**2019. "Design in Japan: From tradition to highest modern creations"**, International Journal KNOWLEDGE- Institute of Knowledge Management, Scientific Papers: Humanities Vol. 30.5- (ISSN 1857-923X) KIJ;Vol.30 No.5; pp1085-1352;SKOPJE 2019.

**2019. "The Design - The Essence of the Japanese Spirit"**, International Journal KNOWLEDGE- Institute of Knowledge Management, Scientific Papers: Humanities Vol. 30.5- (ISSN 1857-923X) KIJ;Vol.30 No.5; pp1085-1352;SKOPJE 2019.

**2019. "Japanese Calligraphy"**, International Journal KNOWLEDGE- Institute of Knowledge Management, Scientific Papers: Humanities Vol. 30.5- (ISSN 1857-923X) KIJ;Vol.30 No.5; pp1085-1352;SKOPJE 2019.

**2019. "Japanese Posters, Graphics and Decorative Arts"**, International Journal KNOWLEDGE- Institute of Knowledge Management, Scientific Papers: Humanities Vol. 30.5- (ISSN 1857-923X) KIJ;Vol.30 No.5; pp1085-1352;SKOPJE 2019.

**2019. "Japanese Artistic Creations- An Inspiration for European Impressionists"**, International Magazine for Social Sciences VIZIONE, VIZIONE 32/2019;UDC 73-0519520:4-Skopje, February 2019.

**2019. "Culturological Influence of Japanism on European Arts and Design"**, International Magazine for Social Sciences VIZIONE, VIZIONE 32/2019;UDC 73-0519520:4-Skopje, February 2019.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензионата комисија констатираше дека пријавениот кандидат м-р Марко Ружин ги исполнува сите формално-правни услови за избор на наставник, во сите звања од научната област: Друго, (дизајн мултимедија) 60712.

Врз основа на наведените податоци и факти, м-р Марко Ружин, својата способност и талент ги потврдува преку неговитете интердисциплинарни уметнички проекти.

Во наведеното досегашно творештво, пројавува голема мотивираност и амбиција за истражувања поврзани со начините на кои комуникациските технологии ги менуваат уметничките концепти, како и влијанието на истите врз традиционалните медиуми и професија.

Со неговото усовршување на магистерските студии за дизајн и мултимедија се здобива со способност и компетенции за педагошко-истражувачка работа на универзитетско ниво, бавење со уметничка критика и теорија, самостална истражувачка работа во областите на новите медиуми како и работа на интердисциплинарни проекти.

Стекнатото знаење и искуство на кандидатот овозможува бројни експерименти во рамките на новите форми на дигиталната уметност, при создавањето на уметнички проекти кои својата содржина и структура ја засноваат на поврзувањето на различни уметнички и научни дисциплини во една компактна уметничка и теоретска мисла.

Неговиот придонес е од големо значење во развојот и афирмацијата на Факултетот за дизајн и мултимедија и Првиот приватен универзитет - ФОН, воопшто. Со своето образование, посветеност и искуство во високо-образовната дејност, м-р Марко Ружин покажува исклучителна способност во извршувањето на наставниот и едукативниот процес и се истакнува како помлад уметнички соработник, педагог и творец во својата област.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведениот заклучок, Рецензентската комисија едногласно констатираше дека м-р Марко Ружин ги исполнува сите услови за избор во доцент и има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН да го избере м-р Марко Ружин за **наставник по стручно-уметнички предмети од областа Друго (Дизајн-мултимедија) 60712 во наставно-научно звање ДОЦЕНТ.**

**Рецензентска комисија**

____________________________________

**1. проф. д-р Антонио Митриќески, с.р. - претседател**

____________________________________

**2. проф. м-р Лазар Секуловски, с.р. - член**

____________________________________

**3. проф. м-р Игор Шокаровски, с.р. - член**

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на друго (спортски менаџмент) - 50624 на Факултетот за спортски менаџмент при Првиот приватен Универзитет ФОН - Скопје**

Наставно - научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент, Универзитет ФОН - Скопје на седницата одржана на 10.09.2019 год., во врска со конкурсот објавен во дневниот весник "Слободен печат" од 24.06.2019 год., формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа Друго (спортски менаџмент) - 50624, во состав: Проф.д-р, Љубомир Дракулевски, претседател, Проф.д-р Леонид Наков, член, Проф.д-р Ленче Алексовска-Величковска, член.

На распишаниот конкурс за избор за наставник во сите звања се пријави само кандидатката, Д-р Весна Јованова-Симева, Доцент на Факултетот за спортски менаџмент, при Универзитетот ФОН - Скопје. По разгледувањето на поднесените документи на кандидатката, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. **Биографски податоци**

Весна Јованова-Симева е родена 28.11.1975 год. во Кавадарци. Основно образование завршила во "Димката Ангелов-Габерот" со одличен успех. Средно образование завршила во Гимназијата "Добри Даскалов" во Кавадарци, природно-математичка насока, со одличен успех. Редовно настапувала за училишните екипи во ракомет, кошарка и одбојка и тоа почнувајќи од основно, средно училиште и на факултет.

Од 1990 год. до 1996 год. настапувала за кошаркарскиот клуб "Тиквеш"-Кавадарци, кој во периодот од 1994/95 и 1995/96 ја освоил двојната круна - државното првенство и купот на Македонија.

Во 1994/95 год. се запишала на Факултетот за физичка култура во Скопје, а го завршила во 1999 год. со просек од 8.17. Дипломската работа успешно ја одбранила на предметот кошарка со оцена 10. По дипломирањето во 1999 год. се запишала на последипломски студии на Факултетот за физичка култура, испитите ги положила со просек од 8.17. Магистерската работа успешно ја одбранила во февруари 2006 год. од предметот Кошарка на тема "Влијанието на некои ситуациони кошаркарски варијабли врз крајниот резултат кај екипите што се натпреваруваат во НБА-лигата" со што се здобила со звањето Магистер по Кинезиологија.

Во 2007 год. е примена како асистент на Факултетот за спорт и спортски менаџмент, при Универзитетот ФОН, на предметот Ракомет, а од 2007 до 2013 год.

била асистент на повеќе предмети, меѓу кои на : Кошарка, Фудбал, Биомеханика, Фитнес, Методика и педагошка пракса, Стратегиски менаџмент во спортот, Инвестициски менаџмент во спортот. Истата учествувала во изработката на елаборатот за отварање на основните и последипломските студии на Факултетот за спорт и спортски менаџмент при Универзитетот ФОН.

Во 2009 год. ја пријавила темата за изработка на докторската дисертација под наслов "Влијанието на менаџментот врз успехот на спортските клубови и федерации" на Економски факултет при Универзитет "Св.Кирил и Методиј" - Скопје, под менторство на Проф. д-р Љубомир Дракулевски.

Во април 2011 год. активно учествувала на Семинарот за спортски менаџмент и спортска администрација во организација на Македонскиот Олимписки Комитет и Олимписка Солидарност на Меѓународниот Олимписки Комитет, каде што предавач бил еминентниот експерт за спортски менаџмент Проф.д-р Тјери Зинк од Белгија.

Во декември 2013 год. успешно го одбранила својот докторски труд и се здобила со звањето Доктор по Економски науки.

На 10.11.2014 год. е избрана во звањето Доцент од областа Друго (спортскиот менаџмент) - 50624.

Предметен наставник е по предметите: Вовед во спортски менаџмент, Управување на спортски организации, Лидерство во спортот, Пракса во спортскиот менаџмент, Истражувања во областа на спортскиот менаџмент, Меѓународни спортски организации и асоцијации, Менаџмент во професионалниот спорт.

## II. Научни и стручни трудови

Кандидатката Доц. д-р Весна Јованова-Симева, покажува интерес кон научно-истражувачката работа и редовно учествувала на симпозиуми за спорт, физичко образование и спортски менаџмент со презентирање на научни и стручни трудови најчесто како самостоен автор, како во земјата така и во странство. Ги има презентирано и објавено следните трудови (23) :

1. **Јованова-Симева, В. "Влијанието на некои кошаркарски варијабли врз уфрлувањето на топка во кош од мало, средно и големо растојание кај екипите од NBA - лигата"** (ВТОР КОНГРЕС ЗА СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, Охрид, *Физичка култура, (2)215-218,* октомври, 2005).

Во овој труд авторката го утврдила влијанието на ситуационите кошаркарски варијабли како предикторски систем и уфрлувањето на топката во кош од мало, средно и големо растојание како критериумски систем кај екипите - испитанички. Истражувањето го спровела кај 102 кошаркарски екипи, односно на 51 одигран натпревар во најсилната кошаркарска лига во светот - НБА. Резултатите од извршената регресиска анализа покажале дека предикторскиот систем варијабли имал влијание врз критериумската варијабла уфрлување на топка во кош од мало и средно растојание, додека кај третата критериумска варијабла уфрлување на топка во кош од големо

растојание немал влијание применетиот систем, но имале парцијално влијание некои од варијаблите.

**2. Јованова-Симева, В., Андреевски, Б. "Уфрлување на топка во кош зависно од аголот и растојанието"** (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год. стр. 258-262).

Авторите во овој труд укажуваат на значењето на научните истражувања со кои се откриваат факторите кои директно или индиректно влијаат во постигнувањето на врвни спортски успеси. За таа цел извршиле истражување на постигнатите кошеви од игра под агол од 0-45°, 45-90° и од 90° од кратко, средно и големо растојание помеѓу најдобрите четири екипи од Евролигата и најдобрите четири екипи од NBA -лигата, исто така ја утврдиле и ефикасноста од наведените агли и растојанија.
Авторите, врз основа на анализираните натпревари од play-off во НБА - лигата 2006 год. и final-four - Прага 2006 г, дошле до следните заклучоци:

1. Екипите учесници на final-four - Прага 2006 год. под агол од 0-45° најпрецизни биле од кратко растојание со 71%, од долго растојание со 17%, а најнепрецизни од средно растојание со 12%.
2. Под агол од 45-90° најмногу кошеви се постигнати од долго растојание 47%, од кратко растојание се постигнати 31%, а најмалку кошеви се постигнати од средно растојание 22%.
3. Под агол од 90° најмногу кошеви биле постигнати од кратко растојание 60%, од долго растојание 24%, а најмалку од средно растојание 16%.
4. Во однос на растојанијата најпрецизни се во уфрлувањата на кош од кратко растојание со 48%, долго растојание со 38%, а најнепрецизни во уфрлувањата на кош од средно растојание со 14%.
5. Екипите учеснички во play-off во NBA - лигата под агол од 0-45° најмногу кошеви постигнувале од кратко растојание 76%, од средно и долго растојание по 12%.
6. Под агол од 45-90° најмногу кошеви постигнувале од средно растојание 44%, од кратко растојание се постигнати 37%, а најмалку кошеви биле постигнати од долго растојание 19%.
7. Под агол од 90° најмногу кошеви постигнувале од кратко растојание 56%, од средно растојание 28%, а најмалку од долго растојание 16%.
8. Во однос на растојанието кошаркарите од NBA - лигата најпрецизни биле од кратко растојание со 52%, од средно растојание со 26%, а најмал придонес имале во уфрлувањата на топка во кош од долго растојание со 22%.

**3. Јованова-Симева, В. "Компарација помеѓу екипите учеснички на play-off натпреварите во NBA - лигата и екипите учеснички на finall-four натпреварите од Евролигата"** (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год. стр. 263-266).

Истражувањето е извршено од авторката со цел да се виде дали третираните критериуми може да се потврдат и генерализираат, за истите да важат за НБА - лигата и за најквалитетните кошаркарски екипи од Евролигата.

Врз основа на анализираните натпревари од final four - Прага 2006 год. и play-off натпреварите од НБА - лигата 2006 год. дошла до следните заклучоци:

- Покрај тоа што се работело за мал број на екипи, сепак третираните критериуми се покажале како значајни за успехот во кошаркарската игра.
- Со ваквата констатација се обрзувале екипите во текот на тренажниот процес и во поставувањето на тактиката на кошаркарската игра да се посвети најголемо внимание на наведените техничко-тактички-дејствија.
- Претходно изолираните техничко-тактички-дејствија се потврдиле како значајни за успехот во кошаркарската игра во НБА - лигата и Евролигата, со што авторката си земала за право да ги генерализира истите за лигите кои биле третирани во ова истаржување.

**4. Симев, В., Јованова-Симева, В. "Техничко-тактички напади со преминување од една во друга зона"** (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год. стр. 95-99).

Во овој труд авторите го прикажале методот на игра во фудбалот, кој според нив претставува специфичен тренажен процес кој овозможува совладување на просторот, приближување до голот и завршување на нападот со удар на гол, во услови блиски до играта. Во трудот има прикажано пет постапни начини на преминување од прва во втора и од втора во трета зона, со цел совладување на противникот и завршување на нападот со удар на гол од поволна позиција. Вежбите, авторите постепено ги отежнувале со зголемување на бројот на играчите и со намалување на зоните, правилата на играта по потреба ги модифицирале. Со овој метод авторите подразбирале тренажен процес кој овозможувал увежбување и усовршување на техничко-тактичките-дејствија во најсоодветни услови на игра, со недостаток на време и простор.

**5. Андреевски, Б., Спасовска, К., Јованова-Симева, В., Симеонов, А., Siљанов, М. "Влијание на некои антропометриски карактеристики врз некои моторни тестови за експлозивна снага кај ученички на возраст од 9 години " -** (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год., стр. 222-226).

Во овој труд, авторите за да го утврдат влијанието на антропометриските варијабли врз моторната способност експлозивна снага, земен е примерок од 40 ученички од О.У. "Владо Тасевски" од Скопје на возраст од 9 години. Авторите примениле вкупно 12 варијабли, 9 за проценка на антропометриските карактеристики како предиктор и 3 варијабли (тестови) за моторната способност експлозивна снага како критериум. По обработувањето на резултатите со основните статистички дескриптивни параметри и со регресивна анализа во манифестен простор, авторите утврдила дека системот на антропометриски предикторски варијабли имал статистичко

значајно влијание само во изведувањето на моторниот тест - скок во далечина од место (МЕСДМ). Според добиените резултати авторите укажуваат на потребата од понатамошни истражувања на истражуваниот простор.

**6. Јованова-Симева, В. "Утврдување на структурата на кошаркарската игра кај најдобрите екипи од Евролигата, NBA-лигата и СП Јапонија 2006 "** (*Физичка култура*, бр.2, година 34, 2006, стр. 123-126).

Овој труд авторката го извршила со цел да ги потврди или отфрли претходно утврдените значајни за успехот техничко-тактички-дејствија за НБА - лигата. За таа цел ги опфатила четирите најдобри екипи од Евролигата, четирите најдобри екипи од НБА - лигата и четирите најдобри селекции од СП Јапонија 2006 год. Со примена на соодветни статистички методи, авторката дошла до заклучок дека претходно изолираните значајни техничко-тактички-дејствија се потврдиле како значајни за успехот во кошаркарската игра во НБА - лигата, Евролигата и СП Јапонија.

**7. Јованова-Симева, В. "Влијание на рангот на натпреварувањето врз уфрлувањето на топка во кош зависно од аголот и растојанието"** (*Физичка култура*, бр.2, година 34, 2006, стр. 219-222).

Во овој труд авторката за истражување ги опфатила најдобрите кошаркарски екипи од Евролигата - четирите екипи учесници на final-four Прага 2006 год. и четирите најдобри екипи од НБА - лигата (две од источната и две од западната конференција во 2006 год.) и СП Јапонија 2006 год. Авторката извршила компарација на постигнатите кошеви од игра под агол од 0-45°, 45-90° и од 90°, од мало, средно и големо растојание и ја утврдила ефикасноста од наведените агли и растојанија. Со соодветна статистичка обработка на податоците, авторката дошла до заклучок дека добиените резултати помеѓу Евролигата, НБА - лигата и СП Јапонија укажувале дека од кратко растојание добила слични резултати, додека добиените резултати од средно и долго растојание значајно се разликувале. Екипите од Евролигата биле многу попрецизни од големо рстојание, екипите од НБА - лигата биле многу попрецизни од средно растојание, додека пак репрезентациите кои учествувале на СП Јапонија 2006 најмногу кошеви постигнале од мало растојание и под сите агли. Врз основа на добиените резултати, според авторката треба да се гради соодветна тактика на играта кај екипите.

**8. Симев, В., Јованова-Симева, В. "Методска постапка на удар на гол со нога"** (*Физичка култура*, бр.2, година 34, 2006, стр. 165-169).

Според авторите ударот на гол во фудбалската игра спаѓа во најзначајните техничко-тактички елементи, поради тоа што има статистички значајно влијание на успехот на натпреварот. Исто така, тие укажуваат дека техниката на учење, надградување и усовршување на ударот на гол е во висока корелација со редоследот и соодветноста на вежбите кои се применуваат. Поради наведеното методската постапка ја групирале во три фази: фаза на учење, фаза на надградување и фаза на усовршување на ударот на гол.

Основната цел на авторите во овој труд била постапно да ги прикажат трите фази на учење, а акцентот да го ставаат на третата фаза која е најблиску до натпреварувачката

игра за бодови. Поради наведеното тие доминантно место во тренажните процеси им даваат на метотодот на игра, кој треба во потполност да ја имитира натпреварувачката игра. За што поуспешно спроведување на методот на игра авторите прикажаа неколку примери на вежби, каде што формите на вежбите се менуваат (моделираат) зависно од бројот на играчите, димензиите на теренот и модифицираноста на правилата на играта.

**9. Jovanova-Simeva, V. "Struktura tehničko-taktičkih dejstvija košarkaških ekipa NBA - lige " -** (CRNOGORSKA SPORTSKA AKADEMIJA, *"Sport Mont"*, бр.12, 13, 14, 2007, Podgorica, str. 285-291).

Со цел да ја одреди структурата на техничко-тактичките дејствија на кошаркарските екипи во НБА - лигата, авторката во ова истражување со помош на факторска анализа на резултатите издвоила шест фактори кои ги дефинирала како: првиот фактор го дефинирала како игра градена на брзи напади, вториот фактор го дефинирала како тактичка игра градена на индивидуални акции во одбрана и напад, третиот фактор го дефинирала како успешно надигрување на противникот во рекетот и надвор од него, четвртиот фактор го дефинирала како игра градена на пресинг, одбрана и уфрлување на топка во кош од полудистанца, петтиот фактор го дефинирала како игра градена на успешни одбрани и рационални полуконтри и шестиот фактор го дефинирала како игра градена на високи и подвижни играчи.

**10. Јованова-Симева, В. "Настава во природа " -** (Физичка култура, бр.1, 2007, стр. 220-222).

Во овој труд авторката ја обработила интерактивната настава во природа по предметот Физичка култура во основното образование и благодетите кои произлегуваат од таквата настава. Во истражувањето кое го спровела авторката ги утврдила недостатоците на класичниот начин на настава по предметот физичка култура и причините за појавата на големиот број на деформитети кај децата во основното образование, истата ги прикажала предностите на наставата во природа. Истата посочува дека наставата во природа по физичка култура заслужува посебно внимание и респект, од причини што истата би се изведувала во чиста природна околина.

**11. Поповски, П., Јованова-Симева, В. "Некои ситуационо психомоторни способности со потенцијално и актуелно значење за успех во фудбалската игра "** (Физичка култура, бр.1, 2007, стр. 149-150).

Предмет на истражувањето кое го спровеле авторите биле 45 деца од машки пол на возраст од 8-10 години кои тренирале фудбал 4-пати неделно и одигрувале еден натпревар неделно. Целта на ова истражување била да се утврдат критериумите и моделите на тренинг, пред и по делувањето на одредена експериментална тренажна постапка на три различно програмирани спортски екипи. Кај ситуационо-моторичкиот простор во финалното мерење разликата била поголема во корист на првата група, што значело дека стручно и оправдано била концепирана целата тренажна (експериментална) постапка. Врз основа на ancova и mancova на манифестните ситуационо-моторички варијабли кај трите групи во финалното мерење, со

парцијализација на разликите од иницијалното мерење дошле до заклучок дека одбраниот модел (со кои тие работеле) бил најдобро структуиран со адекватни вежби и активности и динамика на оптоварување, за да изврши позитивни трансформации во развојот на фудбалското знаење на испитаниците.

**12. "Relacije između nekih testova za procenu fleksibilnosti i rezultata kod plivača različitog kvaliteta na 50 i 100 metara delfin "** (CRNOGORSKA SPORTSKA AKADEMIJA, "Sport Mont", бр.15,16,17, 2008, Podgorica, str.778-783).

Авторите истражувањето го спровеле на примерок од 90 испитаници, активни пливачи од машки пол, членови на пливачки клубови од Р. Македонија. Пливачите биле со повеќегодишно пливачко искуство во кадетско, младинско и сениорско натпреварување, кај кои е земена флексибилноста како моторичко својство кое е формирано како динамички стереотип и кое влијаело врз постигнувањето на крајниот резултат. На примерокот биле применети 10 тестови за процена на флексибилноста, кај кои бил применет Колмогоров-Смирнов метод за утврдување на нормалноста на дистрибуцијата. Меѓусебната поврзаност на варијаблите била утврдена со интеркорелација, а за релацијата на тестовите за процена на флексибилноста и испливаните резултати на 50 и 100 м делфин била применета регресивна анализа. Авторите утврдиле дека статистички парцијални значајни за критериумите на селекцијата на пливачите се следните варијабли: предножење од лежење на грб, хоризонтална и вертикална флексибилност на рамениот појас.

**13. Јованова-Симева, В. "Менаџмент на човечките ресурси во спортот".** (Физичка култура, бр.2, 2008 год., стр. 155-157.)

Во овој труд авторката ги обработила човечките ресурси како еден од клучните фактори за постигнување на високи спортски резултати во спортските организации. Прикажани се задачите и структурата на менаџментот на човечките ресурси во спортските организации. Според авторката, спортскиот менаџерски врв претставува дел од структурата на менаџментот кој по својата природа бил ориентиран на управување со процесите, дефинирање на целите и задачите на спортската организација, како и соодветна стрегија за постигнување на зацртаната цел. Потоа, професионалната подршка добиена од вработените, специјалистите и ангажираните хадворешни експерти. Ја опфатила и волонтерската подршка од специфична група на човечки ресурси, значајни за развојот на спртот. И, носителите на структурата на спортската организација ги претствила преку спортистите и тренерите од различни категории. Во целина сите наведени човечки ресурси, според авторката се неопходни за остварување на зацртаните резултати на една спортска организација.

**14. Jovanova-Simeva, V. "The role of the manager in the sport activities"** (CRNOGORSKA SPORTSKA AKADEMIJA, "Sport Mont", No.18,19,20./VI, 2009, Podgorica, pp. 128-131).

Во овој труд авторката дава свое гледиште кон улогата на менаџерот во спортските активности, односно го елаборира значењето на менаџерот за постигнување на спортски резултати. Задачата на менаџерите, според авторката е да планираат,

организираат реализирање на плановите, да водат кадровска политика, раководат со човечките ресурси и ги контролираат остварувањата на целите. Но и дека менаџерот најпрво е одговорен за работата која во поголем дел ја остварил некој друг, со што се става себе во позиција да одлучува, но и да одговара за другите. Според авторката , постојат најмалку пет концепти кои ја определуваат работата на менаџерот и кои во исто време ги издвојуваат од другите вработени:

1. Улогите кои ги имаат и задачите кои менаџерите ги извршуваат се разликуваат од оние кои ги извршуваат другите.
2. Менаџерите својата работа ја извршуваат остварувајќи ги функциите на менаџментот: планирање, организирање, раководење, кадровска политика и контрола.
3. Менаџерите имаат три главни улоги – меѓучовечки, информациони и раководителски(тие одлучуваат), како и три основни вештини: концептуални, менаџерски и технички.
4. Ефикасноста на менаџерот е мерлива со резултатите кои ги остварува за организацијата, употребувајќи ги погодностите на ресурсот.
5. Ефикасните менаџери можат да направат разлика помеѓу ситуација и да применат методи кои одговараат на доминантните фактори во одредена ситуација.

**15. "Поврзаност на образованието на врвните менаџери со успешното менаџирање на спортските клубови".** (12.Меѓународна научно стручна конференција, Федерација на спортските педагози на Република Македонија, Велес, април, 2014 год.)

Во овој труд авторката имала за цел да го утврди нивото и соодветноста на образованието на врвните менаџери, како и нивните ставови за придонесот на образованието на оперативните менаџери. Во трудот се опфатени 41 менаџер од најпопуларните и најквалитетните спортови во Македонија, дефинирани како спортски игри (ракомет, кошарка, фудбал и одбојка). Популацијата од која е извлечен примерокот на испитаници ја дефинирала како популација на активни високопозиционирани спортски врвни менаџери, носители на функциите на менаџментот во спортските клубови во Македонија. Основните алатки кои ги користела во текот на истражувањето за собирање на истражувањето за собирање на податоците за врвните менаџери се анкетните прашалници и интервјуата. Во истражувањето е применет систем од 28 предикторски варијабли, произлезени од врвните менаџери. Примерокот на третираните предикторски варијабли се окарактеризирани како индикатори на функциите на менаџментот, изразени преку способностите и особините на врвните менаџери. Во истражувањето се користени основните дескриптивни статистички методи, а за утврдување на латентната структура на третираните индикатори користена е факторска анализа.

**16. "The relationship between the level of education and the professional-scientific advancement of the operational managers in the successful management of the sports clubs".** (FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, *RESEARCH IN PHYSICAL EDUCATION, SPORT, AND HEALTH*, Ohrid, 30-31 May 2014, pp. 353-358).

Авторката спровела истражување на примерок од 41 оперативен менаџер високо позиционирани кај најквалитетните македонски клубови во ракомет, кошарка, фудбал и одбојка, со кои спровела анкета од систем на 13 варијабли поврзани со специфичностите на спортската игра. За обработка на податоците покрај основните статистички методи применила и факторска анализа во варимакс солуција. Добиените резултати покажале дека оперативните менаџери на фудбалските клубови имале најниско образование, а како резултат на тоа постигнувале и најслаби резултати на меѓународните натпреварувања во споредба со ракометните и кошаркарските екипи. Од користените индикатори добила 3 фактори, од кои првиот го дефинирала како: ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА МЕНАЏЕРСКА РАБОТА НА ДОБИЕНИ ЗНАЕЊА ПРЕКУ ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ.

**17. "Determining the factor structure of the basketball club organizational setting subjective evaluation scale".** (FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, *RESEARCH IN PHYSICAL EDUCATION, SPORT, AND HEALTH,* , Ohrid, 30-31 May 2014, pp. 463-468).

Авторите истражувањето го реализирале на примерок од 90 испитаници, поделени во три субпримероци на три групи: 30 кошаркари, 30 родители и 30 тренери, при што примениле прашалник за проценка на организираноста на кошаркарскиот клуб Работнички. Со цел да ја утврдат факторската структура на скалата за субјективна процена бил применет прашалник, изготвен според Ликертовата скала, кој одговарал на возрасните карактеристики на испитаниците. Скалата со која се проценувала организираноста на кошаркарскиот клуб се состоела од 15 варијабли (тврдења). Врз основа на добиените матрици на интеркорелација, авторите дошле до заклучок дека прашањата во прашалникот им се добро смислени и конципирани и давале валидни и релијабилни податоци. Со примена на факторска анализа на варијаблите за проценување на организираноста на кошаркарскиот клуб биле изолирани три латентни димензии кои ги дефинирале како: фактор на менаџмент во клубот, фактор на родители на натпреварувачите во клубот и фактор на стручност и улога на тренерот во клубот. Според авторите од суштинско значење било да се одреди значењето на тренажниот процес како фундаментална спортска функција и најзначајните фактори на спортскиот менаџмент.

**18. "The right and the responsibilities of the athletes and the coaches in the legal system of the Republic of Macedonia".** (International magazine for social sciences "VIZIONE" 27/2017, Skopje, pp.213-227).

Авторите извршиле компарација меѓу правата и обврските на спортистите и тренерите во правната регулатива на Република Македонија со правата и обврските на спортистите и тренерите во Република Турција и Република Србија. Во првиот дел од трудот дефинирано е правото за занимање со спорт, потоа дефиниран е поимот спорт, категоријата спортист и стручен кадар. Во овој дел нагласено е дека во македонската

законска регулатива не е добро дефиниран законот за стручен кадар и воопшто не е дефиниран терминот спортски менаџер. Авторите наведуваат дека според македонскиот закон за спорт стручните кадри се лица кои имаат завршено најмалку вишо образование, коешто образование во македонскиот образовен систем не постои, тие наведуваат дека тоа е само еден од многуте пропусти и недостатоци на Законот за спорт на Р.Македонија. Во главниот дел од трудот објаснети се правата но и обврските на спортистите и тренерите преку законот за спорт на опфатените држави. Во делот на заклучоците авторите ги наведуваат сопствените согледувања од извршените анализи за воочените пропусти и недостатоци од ефикасна и ефективна законска регулатива. Авторите во последниот дел даваат препораки и тоа дека :

- Правото на спортување треба да се гарантира со законот за спорт.
- Термините спортист и тренер треба да се редефинираат, а услов да биде избрам за тренер треба да биде диплома добиена за завршување на високо образование од соодветно поле. Тренерот на репрезентацијата мора да добие диплома за завршено високо образование од областа на спортот.
- Статусот, правата и обврските на спортистите и тренерите треба да бидат поконкретно дефинирани со законот за спорт или со посебни правила на соодветните федерации, исто како што е случај во Република Хрватска.

**19. "The impact of education of tennis coaches on the success of tennis specific motor skills on tennis players up to the age of 12"** *(*SPORT, HEALTH, ENVIRONMENT, Belgrade, 2018 str.93-98).

Во овој истражувачки труд авторите извршиле утврдување на влијанието на степенот на стручно образование на тениските тренери врз успехот на селеспецифични моторички тестови на тенисери и тенисерки од Република Македонија. За таа цел примениле примерок од 60 испитаници (тенисери и тенисерки) и 25 тениски тренери кои работеле со опфатените испитаници. Специфичните моторички способноти биле тестирани преку: мускулна сила на рацете и рамената, мускулната сила на рацете и рамената, мускулна сила на нозете, мускулна сила на трупот, забрзување, брзина на алтернативни движења со рацете, флексибилност во грбот, флексибилност во колковите, агилност, рака – око координација и динамички баланс. Степенот на образование кај тениските тренери бил поделен во три нивоа, а за таа цел бил применет метод на анкета. Од добиените резултати авторите заклучиле дека во голема мерка односно 66% било поврзано нивото на стручното образование на тениските тренери врз успехот на специфичните тениски моторички способности кај тенисерите и тенисерките. Овие резултати покажале дека степенот на образование на тениските тренери во голема мерка влијаел врз правилниот избор на селектираните тениски моторички способности и последователно на успесите на испитуваните тенисери.

**20. "The use of planning in sports organizations as a sports management function".** (International magazine for social sciences "VIZIONE" 31/2018, Skopje, pp.207-220.)

Во овој труд авторката го опфатила планирањето како една од најважните функции на спортскиот менаџмент, па поради што и требало големо внимание да му се посвети на неговиот стручно-научен аспект. Според авторката гледано од страна на

спортскиот менаџмент, планирањето претставувало  темел на секој управувачки процес, на секоја управувачка акција во која се испреплетувала политиката на клубот, визијата, мисијата, целите, стратегијата и тактиката која се спроведувала од менаџментот во остварувањето на посакуваните цели на спортската организација.

Таа наведува дека планирањето во спортските организации претставувало значаен дел од вкупните активности на врвниот и оперативниот менаџерски тим. Со цел да  осознаи колку од врвните и оперативните менаџери ја применувале функцијата планирање во спортските организации во Македонија опфатила примерок од 41 врвен менаџер и 41 оперативен менаџер. Добиените резултати покажувале дека состојбата била многу полоша отколку што биле очекувањата и тоа бил еден од факторите за континуирано лошата состојба на спортските организации во Република Македонија. Сѐ уште е голем бројот на врвните и оперативните менаџери кои се спротиставуваат на изготвувањето на план за работа и спроведување на контрола.

Во заклучните согледувања според добиените резултати од истражувањето, наведени се следните односи на врвни и оперативни менаџери спрема планирањето:

- Врвни и оперативни менаџери кои имаат позитивен однос спрема планирањето;
- Врвни и оперативни менаџери кои имаат негативен однос спрема планирањето;
- Врвни и оперативни менаџери кои имаат пасивен однос спрема планирањето;
- Врвни и оперативни менаџери кои „актерски“ презентираат знаење и загриженост спрема планирањето.

**21."The control as a sport management function and its use by the operational managers in sport clubs".** ("VIZIONE" 32/2019, Skopje,  pp.285-302.)

Авторката во овој труд ја опфатила контролата, која ја дефирала како функција на менаџментот која ги мери, контролира и потврдува процесите на извршување на зацртаните цели во планот и програмата за работа. Потоа наведува дека во современиот спортски менаџмент контролата претставува активност без која не може да се замисли успешно управување со спортската организација, а уште помалку со нејзиното пазарно работење. Контролата укажувала на недостатоците на тренажните процеси и навреме го спречувала неефикасното и нерационално работење. Во овој истражувачки труд опфатени се 41 оперативен менаџер кои биле ангажирани во спортски клубови, се со цел да се утврди колку се практикува контролата во професионалните спортски клубови во Македонија како функција или како процес на спортскиот менаџмент.

Врз основа на добиените резултати за односот на оперативните менаџери од македонските спортски клубови спрема контролата, извршила нивно класифицирање кое го прикажала дека оперативните менаџери се групирани како:

- оперативни менаџери кои спроведувале контрола - 15%;
- оперативни менаџери кои не спроведувале контрола - 35%, ако на нив се додаде уште 50% од оперативните менаџери кои спроведувале формални мерења кои биле далеку од тоа што го бара контролата, ја добила правата слика колку неодговорно и нестручно се работело во македонските спортски клубови.

- оперативни менаџери кои спроведувале формални мерења - 50%, а истите немале ништо заедничко со контролата.

Од наведените резултати можеме авторката наведува дека оперативните менаџери не покажувале интерес за спроведување на контролата како значајна алатка во постигнувањето на врвни резултати. Од наведените согледувања заклучила дека оперативните спортски менаџери во Македонија ги поставувале тренажните процеси на прениско ниво и од таков состав на оперативни менаџери не можело да се очекуваат постигнувања на високи спортски резултати.

**22. "Struktura sportskog menadźmenta u makedonskim sportskim klubovima"** . 9 MEĐUNARODNA KONFERENCIJA "SPORTSKE NAUKE I ZDRAVLJE". (Book of Summaries, 15.03.2019, Banja Luka.)

Авторката поради популарноста на екипните спортови и големината на инвестициите кои се вложувале во тие спортови, одлучила да го истражува функционирањето и структурата на спортскиот менаџмент во прва лига на најквалитетните спортски клубови во спортски игри, во кои биле опфатени 41 македонски спортски клуб. За таа цел бил применет примерок на испитаници од 82 спортски менаџери. Врз основа на резултатите од спроведеното истражување ја утврдила структурата и нејзиното функционирање во спортскиот менаџмент со третираниот систем на индикатори - варијабли во најквалитетните спортски клубови Со примена на факторска анализа во спортските клубови, низ меѓусебно поврзани варијабли дефинирала 6 изолирани фактори. Применетиот систем на варијаби, ги покривал мнозинството од специфичностите на спортскиот менаџмент, што резултирало со значаен однос помеѓу менаџментот и третираниот систем на варијабли.

**23. "Спортскиот менаџер со лидерски способности"**. "VIZIONE" 33/2019, 15.06.2019, Skopje. pp.(419-428).

Според авторката, се сметало дека во период на стабилни услови во спортските организации се потребни менаџери кои поседуваат менаџерски способности, знаење и вештини, додека во период на промени, нестабилни услови и услови на трансформација на спортските организации се потребни менаџери со лидерски способности. Таквите менаџери се препознавале во период на криза кога се бараат иновативни решенија, нови успеси, свежи идеи, способност за трансформација на старата спортска организација и култура во нов модел кој одговара на новонастанатата ситуација. Таа го дефинира спортскиот менаџер како лидер со лидерски способности и е најдоброто решение за една спортска федерација, спортска организација, спортски клуб и заклучно на тоа секој спортски менаџер треба да поседува лидерски способности, односно во одредени ситуации да биде лидер. Понатаму наведува дека спортскиот менаџер треба да ја одигра улогата на лидер само во оној момент кога е најнеопходно. Такви ситуации биле во период на радикални промени во спортските федерации, спортските клубови и организации. Клучна улога за успешен развој на спортските федерации и спортските клубови биле спортските менаџери со лидерски

способности. Авторката заклучува дека само спортските менаџери кои имаат лидерски карактеристики може успешно да ги водат спортските федерации и спортските клубови и да ги реализираат стратегиските цели и визијата на спортските организации.

## III. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност во научно-истражувачката работа на Доц. д-р Весна Јованова-Симева, може да се заклучи дека кандидатката, во својот развоен пат, има понудено голем број на трудови, особено од областа на спортските игри и спортскиот менаџмент.

Согледувајќи ја целокупната научно-истражувачка и педагошка активност на кандидатката, Рецензентската комисија оценува дека Доц. д-р Весна Јованова-Симева, ги исполнува сите услови и поседува квалитети да биде избран во наставно-научно звање Вонреден Професор, во научната област Друго (спортски менаџмент) - 50624.

За таа цел, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент во Скопје, Доц. д-р Весна Јованова-Симева да ја избере во звањето Вонреден Професор.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р. - претседател

_________________________________

2. Проф. д-р Леонид Наков, с.р. - член

_________________________________

3. Проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска, с.р. - член

_________________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - НОФ * СКОПЈЕ